УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Арх.бр./Nr. i arhivës УП1-11/2 330/2022
Дата/Data_______________

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а согласно на член 119 став (1) алинеја 3 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) и представка бр.11-3872/1 од 15.06.2023 год. на Државниот инспекторат за животна средина и барање на Управата за животна средина бр.11-4291/1 од 10.07.2023, за доставување на дополнителни информации на Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ОДЗЕМАЊЕ** на Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола, на операторот ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, ( 2- две ) Асфалтните бази УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022

1. Се одзема Измена на А - Интегрирана еколошка дозвола за: ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово(2-две) Асфалтните бази УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022.

2.Постапката за одземање на Измена на А-Интегрираната еколошка дозвола УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022 е согласно член 119 став (1) алинеја 3 заради не вршење на активност во обем и во време утврдено во дозволата ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, 2 ( две) Асфалтни бази.

**3.** Се задолжува операторот на инсталацијата, да превземе мерки и обврски за враќање на животната средина во задоволителна состојба односно да ги обезбеди потребните документи за непречено работење во рамките на законите.

**Образложение**

Постапувајќи по допис бр.11-3872/1 од 15.06.2023 година доставен од страна на Државниот инспекторат за животна средина кој се однесува на работата на операторот, правниот субјект **ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово,** (2-две) Асфалтни бази ( ALFELD AE 140 AT и BENNINGHOVEN ECO 3000 ) Куманово Ул. Индустриска бб односно местоположбата на кој се наоѓаат двете асфалтни бази и каде се врши дејноста за која е издадена Измена на А интегрираната еколошка дозвола УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022 (имотен лист, документ за


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

право на користење или договор за закуп на земјиштето на име на операторот), Управата за животна средина со допис бр.11-4291/1 од 10.07.2023 година побара од операторот информации за парцелите каде што е изградена Асфалтната База ALFELD AE 140 AT. Добиените информации од ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022 не коренспондираа со информациите дадени во барањето по кое што е издадена Измената на А интегриранатa дозвола УП1-11/2 330/2022 од 19.05.2022 односно посочените парцели; КП.16221, КП.16222, КП.16223, КП.16224 ,КП.16272/1, КП.16272/2, КП.16273/1, КП. 16273/2, КП.16274/1, КП.16274/2, КП.16275/1, КП.16275/2, КП.16275/3 **немаат имотни листови**, **немаат документи за право на користење** или **договор за закуп за земјиштата на име на операторот**, за измената на А-ИЕД бр. 11-330/3 од 19.05.2022 год.

Со оглед на тоа , Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) алинеја 3 од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезосрката сметка.

Изработил/Përpiloi:
Fatos Balliu

Контролирал/Kontrolloi:
Nazim Aliti

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

**МИНИСТЕР/MINISTЁR**
**Каја Шукова**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk